Наслов на проектот:

# Проучување на дистрибуцијата на поточно рецентно и алувијално злато во Источна Македонија


Раководител:
Проф. Д-р Виолета Стефанова

Учесници:
Проф. Д-р Тодор Серафимовски
Проф. Д-р Тена Шијакова-Иванова
Доц. Д-р Горан Тасев
Дипл.инж. Игор Ивановски
Дипл.инж. Николчо Крстев






На територијата на Р. Македонија постојат големи број на појави на злато, околу триесетина, кои се помалку или повеќе проучени и кои даваат импулс за понатамошни посериозни истражувања. Во секој случај има зголемен интерес за истражување на златото во светски рамки, но и во Македонија. Отука и идеата за предлог за овој проект со кој ќе бидат опфатени локалитети кои се од особен интерес и во кои со претходните истражувања се покажаа индиции за постоење на минерализација на злато.

Цели:

-проучувањето и дефинирањето на дистрибуцијата на златото во рецентните поточни и алувијални наноси.

-предмет на истражување ќе бидат локалности со веќе познати информации за дистрибуција на златото кои генетски, структурно-литолошки и геохемиски се предиспонирани за присуство на злато.

-Со нашите истражувања ќе бидат опфатени Анска река во реонот на Валандово, Пекланска река во реонот на Виница, Лакавица во централните и источните делови на Македонија, потоа реките кои го дренираат западното подрачје на планината Дудица (реките Сушица, Лукар Жарница), реката Повишица во локалитетот Боровиќ и потокот Боров Дол кој го дренира подрачјето на наоѓалиштето Боров дол.

-Одредувањето на карактеристиките на златото ќе биде искористено за лоцирање на можниот примарен извор од кое потекнува ова злато.